Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

КПУ ЗАТВОР - Прилеп

Бр.04-565/8
23.01.2020 година

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници ( „ Службен весник на Република Македонија " бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и 14/2020) и член 31 став (1) од Законот за извршување на санкциите ( „ Службен весник на Република Северна Македонија бр.99/19 и 220/19), В.Д. Директорот на К.П.У. Затвор Прилеп донесе :

ОДЛУКА

**за избор на кандидат по Интерен оглас бр.02/2019 за унапредување на 1(еден ) административен службеник**

1. Во врска со интерниот оглас број 2/2019, заведен во архивата на КПУ Затвор Прилеп под број 04-565/1 од 24.12.2019 година, а според финалната ранг листа на интервјуирани кандидати со Предлог одлука бр.04-565/7-од 16.01.2020 година од Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со одлука бр. 04-565/5 од 13.01.2020 година, за работното место:
   УПР 0101Б040001 Раководител на одделение, одделение за финансиски прашања, СЕ **ИЗБИРА кандидатот : Душко Момироски.**
2. Во рок од 5 (пет ) дена од конечноста на одлуката ќе се донесе Решение за унапредување на административниот службеник од точка 2 оа оваа Одлука.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 24.12.2019 година на веб страната на Министерство за правда и на веб страната на Агенцијата за Администрација објавен е интерен оглас бр.2/2019 за унапредување на административен службеник во КПУ Затвор Прилеп.

Со Одлука бр.04-565/5 од 13.01.2020 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе административна селекција и изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-565/6 од 15.01.2020 година .

На ден 16.01.2020 година Директорот на КПУ Затвор Прилеп спроведе интервју со уредниот кандидат за работното место под реден број 01. од интерниот оглас 02/2019, врз основа на резултатите од интервјуто и административната слекција Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од спроведено интервју со број 04-565/7 од 16.01.2020 година во кој е содржана и финална ранг листа на интервјуираниот кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат,.

Од доставениот финална ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниорт кандидат, број 04-565/7од 16.01.2020 година, В.Д. Директорот на КПУ Затвор Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука..

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Во Прилеп на 23.01.2020 година

В.Д. Директор

К.П.У. Затвор Прилеп

Александар Дамески